РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-537/2
07.11.2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-537/1 од 03.01.2025 година, против лицето ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Агенцијата за катастар на недвижности.

Предметот со бр. 12-537/1 од 03.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 03.01.2025 година, поднесена е пријава против лицето --- и оформен е предмет бр. 12-537/1 од 03.01.2025 година.
Подносителот наведува дека дека пријавената барала да се изврши упис на приземјето од објект на катастарска парцела бр. ---во КО --- со геодетски елаборати во кои не била прикажана вистинската состојба од лице место на приземјето од објектот бидејќи објектот зафаќал површини и од соседната катастарска парцела. Во продолжение се наведува дека елаборатите биле изработени спротивно на исцртаното во пректот, односно се работело за нов објект кој се прикажувал како стар објект. Подносителот на пријавата бара од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК да се провери работењето на правното лице изработувач на геодетските елаборати.

По разгледувањето на пријавата ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган. Имено, согласно член 241 став 1 од од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019 и 155/2024), агенцијата врши надзор на законитоста на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи во постапка по службена должност или по пријава на странка, поради што ДКСК ќе го достави предметот на надлежно постапување на Агенцијата за катастар на недвижности.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk